hi-tech corporation

## *44 years of manufacturing excellence*

Hi-Tech Corp. (**www.hitech.com.mk**) е водечки европски производител на електронски штампани плочи. Преку посветување на нашите над 200 вработени, се посветуваме на технолошката експертиза и квалитетот на нашите производи кои ги надминуваат очекувањата на нашите клиенти.

А нашите клиенти се едни од најголемите светски брендови. Нашите електронски штампани плочи се применуваат во: CERN акцелератор, Williams Racing и Audi F1 тимовите, Ferrari SF90 и 488, Mercedes AMG, Медицинска индустрија (респиратори, магнетна резонанца, CT), комерцијални сателити, ARRI камери и опрема за видео пренос на Олимписките игри во Париз 2024), авионите Airbus и Boeing, апаратите на Bosch и Siemens...

Во моментов отворено е следното работно место:

# ИНЖЕНЕР ЗА АВТОМАТИКА И РОБОТИКА

**Основна цел на работното место:** Инженерот за автоматика и роботика е одговорен за развој, имплементација и одржување на автоматизирани системи и роботи кои ги поддржуваат производствените процеси.

**Опис на работно место:**

- Дизајн, програмирање и одржување на автоматизирани производствени линии и роботски системи;
- Интеграција на машини, сензори и контролери со ИТ системот;
- Следење и анализа на податоци за подобрување на ефикасноста и превенција на дефекти;
- Дијагностицирање и решавање на технички проблеми поврзани со автоматиката, контролерите и комуникациските мрежи.

**Што бараме:**

- Дипломиран електро инженер (КСИАР и КХИЕ се сметаат за предност) или Дипломиран машински инжнер - Мехатроника;
- Познавање на PLC програмирање, сензорски мрежи и комуникациски протоколи;
- Разбирање на интеграција помеѓу ИТ и производствени системи;
- Добро познавање на англиски јазик и техничка документација;
- Аналитички и логички пристап кон решавање проблеми;
- Способност за работа во тим, адаптибилност и иницијативност.

**Што нудиме:**

- Работа во модерно опремена фабрика со високо автоматизирани процеси
- Организиран превоз од Скопје (фабриката се наоѓа во с. Орешани - Зелениково)
- Обезбедена храна
- Приватно здравствено осигурување за лојални вработени
- Обука и професионален развој во областа на индустриска автоматика и роботика
- Можност за професионален развој и напредување

Доколку сакате да станете дел од тимот кој работи за најголемите брендови низ целиот свет, доставете кратка биографија на емаил hr@hitech.com.mk најдоцна до 17.11.2025 година.

Hi-Tech Corp. обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Со самото аплицирање за работната позиција, вие се согласувате дадените лични податоци да се користат/обработуваат од страна на Hi-Tech Corp. и тоа само за процесот за селекција на кандидатите. Кандидатите можат согласноста за обработка на личните податоци да ја повлечат во секое време со доставување на барање на hr@hitech.com.mk.